# ДЛУМ

Покровител
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# 75 ГОДИНИ ДЛУМ

2021

*„Една слика е откривање на само мал дел од уметниковиот таен свет."*
(Марсел Пруст)

Друштвото на ликовни уметници на Македонија одбележува јубилеј, 75 години од формирањето (1946-2021). Импозантна бројка за одбележување. 75 години постоење и значајни достигнувања во полето на визуелните уметности и културата. Тоа е собир на исклучително значајни уметници, индивидуалци, кои го сочинуваат најстарото уметничко здружение на фелата, а тоа има свои славни и убави години, но и тешки години на опстанок.

Тука сме да забележиме дека сеуште постоиме, се бориме, се собираме или се разидуваме, но сепак бројката е голема. Не има до сега, регистрирани, во овие три квартали постоење, вкупно околу 900 членови, од тие многу, низ годините биле, и се, самостојни уметници.

Горди сме да кажеме дека овој Јубилеј успеавме да го обележиме (по долги години) со групна изложба за која требаше исклучителен напор, голем ентузијазам и ангажман на членовите на претседателството на ДЛУМ. Организирајќи конкурс, како здружение, за пријавување и покана на многу активни членови, во соработка со Националната галерија, во соработка со кустосите на НГ и потрагата по уметници низ нивната богата колекција се обидовме да создадеме слика на Друштвото за почит. Сакаме да се обидеме по сите негативни и негаторски ставови за опстанокот и иднината на здружението да го покажеме и нејзиното значење низ историските промени. Не сме биле собрани во една голема изложба ниту на нашата 50 годишнина. И тогаш беше издадена Монографија но не и изложба на членовите. И сепак, не бевме во можност да ги претставиме сите членови на ДЛУМ од неговото постоење.

ДЛУМ поминува долги години во напор да го собере членството, се труди да го подигне критериумот на изложбите, се труди да го врати заедништвото во остварување на заедничките интереси. Без сопствен галериски простор, без поголема материјална поддршка, голем ентузијазам на членовите на претседателството на ДЛУМ, искрени волонтери, сепак се забележуваат успеси во активностите кои даваат шанси на сите колеги уметници. Во времето кое доаѓа, продолжуваме да се бориме за уште многу неразрешени прашања, за галериски простор, простори за работа-ателјеа, а уметниците се борат за својот статус и опстанок. Се надеваме дека некои од прашањата ќе ги решиме на задоволство на сите нас. Резултатите кои ќе ги постигнеме нека бидат поттик за подобра иднина.

**Дијана Томиќ Радевска**
**претседател на Уметнички совет**

**Со почит ДЛУМ**



**Милошески Слободан , „Патувачки рефлексии“,**
тех. метал, 77x57x18 см., 2020 год.



**Нацевски Ангелитар, „Форми I“,**
1986 год, молив на хартија, 170x120см,
Колекција НГ



**Николовски Борис, „Фигура“,**
дрво, 45x30x20см



**Несторовски Стефан, „Чичо Јонче“ (глава),**
гипс, 45x19x25см, Колекција НГ

**Издавач:** ДЛУМ
**За издавачот:** Филип Фидановски - Претседател на ДЛУМ
**Одговорен уредник:** Филип Фидановски - на Претседател на ДЛУМ
**Автор на воведен текст:** Дијана Томиќ Радевска, Претседател на Уметнички совет на ДЛУМ
**Реализација на изложба:** Дијана Томиќ Радевска, претседател на Уметнички совет и Маја Чанкуловска виш кустос во НУ. Национална галерија на Република Северна Македонија
**Координатор на проект:** Тана Маневска
**Фотографии од колекцијата на Национална галерија на Република Северна Македонија:** Игор Василев
**Други фотографии:** авторите на делата
**Дизајн:** Кристијан Јованоски, Дијана Томиќ Радевска
**Техничка служба:** Дејан Иванов - Маргуш
**Печати:**Ројал Принт
**Реализација:** ДЛУМ
**ноември,** 2021
**Тираж:** 500

Република Северна Македонија
Министерство за култура

ngm

EFFECTIVA

METEOR